20252564940

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 7 алинеја 7 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 104/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 декември 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВРЕМЕНО УКИНУВАЊЕ НА ВИЗИТЕ ЗА КРАТКОРОЧЕН ПРЕСТОЈ (ВИЗА Ц) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ЗА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ НОСИТЕЛИ НА ВАЛИДНИ ПАТНИ ИСПРАВИ НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ КОИ ПОСЕДУВААТ ВАЖЕЧКА ПОВЕЌЕКРАТНА ВЛЕЗНА БРИТАНСКА, АМЕРИКАНСКА ИЛИ КАНАДСКА ВИЗА

Член 1

Со оваа одлука за периодот од 1 јануари до 31 декември 2026 година, се укинуваат визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија, за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка повеќекратна влезна британска, американска или канадска виза, вметната во патната исправа.

Должината на престојот во Република Северна Македонија на странските државјани од став 1 на овој член, може да биде најмногу до 15 дена, а важноста на британската, американската или канадската виза треба да биде пет дена подолго од планираниот престој во Република Северна Македонија.

Член 2

Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за внатрешни работи да ја спроведат оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-10083/7
16 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.